Број 122

Ноември 2022

# S-WORK



In the Salon at the Rue des Moulins (1894) , Henri de Toulouse-Lautrec

EUROPEAN COALITION ON SEX WORKERS' RIGHTS AND INCLUSION

# Европска коалиција за права и вклучување на сексуалните работници

На последниот ден од Конгресот на сексуални работници кој се одржа во Брисел (од 11-ти до 13-ти  октомври 2022 година), претседателката на ИЛГА Европа, Евелин Парадајс ја најави новата Европска коалиција за права и вклучување на сексуалните работници. Коалицијата ја сочинуваат 15 граѓански организации и мрежи на европско и глобално ниво кои делат исто мислење - криминализацијата не претставува решение.

Сексуалните работници во Европа се соочуваат со високо ниво на дискриминација, насилство и кршење на човековите права. И покрај деценискoто самоорганизирање, градење и зајакнување на заедницата и застапување, сексуалните работници и нивните организации се многу често дискриминирани и стигматизирани од општата јавност. Застапувачите и бранителите на правата на сексуалните работници, кои се експерти за потребите на нивните заедници, често се под закани и клевети. Гласовите на сексуалните работници ретко се слушаат, а нивните потреби ретко се задоволуваат од страна на креаторите на политики.

Организациите членки на новата Коалиција се водечки мрежи на граѓанското општество и организации за човекови права. Тие имаат дециениско искуство и експертиза за заштита и промовирање на човекови права, сексуално и репродуктивно здравје и права, ХИВ, намалување на штети, ЛГБТК права, дигитални права, борба против трговија со луѓе, миграција, расна правда и кривична правда. Во овие бројни полиња на експертиза, сите 15 организации дојдоа до ист заклучок: криминализацијата не претставува решение. Само со усвојување на пристап за човекови права, декриминализирање на сексуалната работа и значајно вклучување на сексуалните работници и бранителите на правата на сексуалните работници во донесувањето одлуки, сексуалните работници можат да бидат заштитени.

Криминализацијата на сексуалната работа - вклучително и сексуалните работници, клиентите и трети лица - продолжува негативно да влијае на животите на сексуалните работници, а особено на нивниот пристап до здравје и правда. И покрај повиците на некои

организации за „укинување на проституцијата“ со цел да се заштитат и „спасат“ луѓето кои продаваат секс, сепак нема докази дека криминализирањето на сексуалните работници, нивните клиенти или трети лица имаат било какво позитивно влијание врз животот и човековите права на сексуалните работници. Напротив, повеќедецениските докази од академските истражувања, граѓанските организации и самите сексуални работници докажуваат несомнено дека репресивното полициско работење и криминализацијата - вклучително и криминализацијата на клиентите, исто така познато како Шведски модел - директно влијаат на здравјето, благосостојбата и социјалната вклученост на луѓето кои продаваат сексуални услуги, особено оние кои се маргинализирани на повеќе начини, како што се сексуалните работници со различна боја на кожа, сексуални работници припадници на ЛГБТИК заедницата и недокументирани сексуални работници-мигранти.

Од новата Коалиција за права и вклученост на сексуалните работници се горди што се солидаризираат со сексуалните работници, застапувачите на правата на сексуалните работници и нивните организации и ги споделуваат препораките и барањата на сексуалните работници кои мора итно да се спроведат од страна на сите политички актери:

- Спротиставете се на сите закони и политики кои ја криминализираат или директно ја казнуваат во пракса консензуалната размена на сексуални услуги помеѓу возрасни лица за надомест, вклучително и криминализацијата на клиенти и трети лица;

- Заштитете ги сексуалните работници од масовен надзор од страна на корпорации и влади;

- Вклучете ги сексуалните работници и нивните организации во развојот и евалуацијата на законите, политиките и програмите кои влијаат на нивните животи;

- Поддржете ја самоорганизацијата и самоопределувањето на сексуалните работници;

- Финансирајте и обезбедувајте техничка поддршка на организациите на сексуалните работници и застапувачите на правата на сексуалните работници, во согласност со насоките на Европската унија за бранителите на човековите права;

- Финансирајте и поддржувајте го креирањето политики засновани на докази и личности за да се обезбеди еднаков пристап до здравје, домување, пристојна работа и правда за сите сексуални работници, без оглед на нивниот статус. Ова бара пристап заснован на права и социјална правда за справување со трудовата експлоатација, принудата, насилството и трговијата со луѓе, што вклучува заштитни мерки против спроведувањето на имиграцијата и пристапот до безбеден статус на престој.



Извештај на Systematic Justice:

# „Обелоденување на системски (не)правди: Преглед на заедницата“

„Обелоденување на системски (не)правди: Преглед на заедницата“ преставува извештај кој ги споделува наодите од опсежниот консултативен процес спроведен помеѓу засегнатите групи и организации ширум Европа кои работат на шест меѓусебно поврзани области: климатска правда, пристап до правда, полиција, социјална заштита, антирасизам и слободно движење. Извештајот е спроведен од страна на Systemic Justice, првата организација предводена од луѓе со различна боја на кожа во Европа, која работи на судски спорови водени од заедницата за расна, социјална и економска правда.

Во консултативниот процес, спроведен на повеќе јазици, беа ангажирани учесници од над 30 земји, претставници на над 1000 организации, движења и колективи од Европа, кои работат и делуваат во Европа, кои се организираат и се борат против неправдата заедно со групите и заедниците погодени од системските штети. Во процесот на истражување, биле организирани и 6 онлајн тркалезни маси со учество на 83 учесници, претставници на заедниците на лицата со различна боја на кожа, муслимански и ромски заедници, мигранти и бегалци, сексуални работници, ЛГБТКИ+ заедници, лица без



**33**
**countries**

**40+**
**communities involved**

**6**
**languages**



### Some of the communities that participated:

Black, Muslim, Roma, East & South East Asian, Refugees, Sex workers, Undocumented people, and LGBTQI+



### Some of the topics discussed:

Disability justice, deportations, air pollution, police violence, trans health, and artificial intelligence

документи, борци против трговија со луѓе, активисти за лица со попреченост, групи за правата на децата, иницијативи за домување и правда, активисти за климатска правда и други, кои дале свој придонес со споделување на проблемите и предизвиците кои овие заедници ги доживуваат истовремено во Европа.

Овој Извештај има за цел да ги профилира штетите, предизвиците и проблемите со кои работат организациите, движењата и колективите, и да го поддржи развојот на системската правда преку поставување на итните приоритети за ОДК кои работат на расна, социјална и економска правда во Европа. Истражувањето е насочено кон заедниците и ги става во прв план гласовите и наративите на оние кои доживуваат и живеат со насилството од системските штети. Системската правда работи на собирање информации, барајќи заеднички начини да развие можности за акција и системски промени.

Прибирањето на податоци во истражувањето има интерсекциски пристап и е дизајнирано да ги открие начините на кои расната, социјалната и економската неправда се системски и испреплетени; и како влијае врз поединците и заедниците со различна раса, етничка припадност, пол, религија, сексуалност, јазик, националност, класа, попреченост и возраст.

Податоците кои произлегуваат од ова истражување ги истакнува расните, социјалните и економските проблеми со кои се соочуваат локалните заедници и организации. Потоа го посочува фактот дека токму локалните и општински организации, движења и колективи со намален капацитет и ресурси се под дополнителен притисок да одговорат на мноштвото потреби на заедниците. Но, и покрај тоа, мнозинство од организациите кои учествувале во истражувањето потврдија дека ќе се подготвени да работат во партнерство со други организации за да правно ги решаваат системските неправди кои ги доживуваат заедниците.

Како главни препораки и потреби кои прозлегуваат од истражувањето, спроведено од Systematic Justice се следниве:

1. Потребна е правна поддршка, правна експертиза и адвокати.

2. Постои потреба од поддршка за истражување на системските неправди и водење на судски спорови.

3. Потребна е поддршка особено со финансиски и човечки ресурси, но и повеќе специфични потреби како што се идентификување на барателите.

4. Потребна е финансиска помош и сроведување на обуки за надоградување на знаењето во водење на случаите за системска неправда, особено кај оние организации, движења и колективи кои имаат ограничени финансиски средства.

5. Постои потреба да се знае локалниот контекст пред да се вклучат организациите во стратешки судски спорови за прашања кои ги засегаат локалните заедници.






# СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ СЕ ЗАЛАГААТ ЗА СВОИТЕ ПРАВА ВО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Од 10-ти до 13-ти октомври, во Брисел се одржа првиот Конгрес на сексуални работници во организација на Европската алијанса за правата на сексуалните работници ESWA. На овој важен настан присуствуваа приближно 200 учесници од Европа и Централна Азија, сексуални работници, претставници на организациите-членки и нивни сојузници.

Во рамки на Конгресот, се одржаа десетина работилници на кои сексуалните работници имаа можност да дискутираат на теми поврзани со правата на сексуалните работници, законските рамки, пристапот до правда, здравјето и дигиталните права, а последниот ден, на 13-ти октомври се одржа и јавна конференција и настан во Европскиот парламент, на кој сексуалните работници се залагаа за своите права.

Во соопштението за медиуми испратено за време на настанот, меѓу другото, беше посочена и кризата со која се соочува Европа, економската стагнација и неконтролираната инфлација влошена со руската инвазија на Украина, што предизвикува зголемување на продажбата на секс, бидејќи се повеќе луѓе се вртат кон сексуалната работа за да го задржат покривот над глава и да ги прехранат своите семејства. Сексуалните работници го потенцираа и негативното влијание на криминализацијата на сексуалната работа врз

лицата инволвирани во сексуалната работа. Со криминализација на сексуалната работа не се намалуваат потенцијалните штети со кои се соочуваат ранливите луѓе, туку напротив, се влошува нивната финансиска несигурност, се зголемува нивниот ризик да доживеат насилство и го попречува нивниот пристап до правда и здравствени услуги.

За време на јавната конференција главно се дискутирало за криминализирањето на сексуалната работа и како тоа влијае негативно врз сите инволвирани лица во секс индустријата:

„Постои итна ситуација во Шпанија на која и треба европско внимание во моментов", истакнува Кали Суддра од OTRAS, првиот синдикат на сексуални работници во Шпанија на јавната конференција во Европскиот парламент. „Шпанската социјалистичка влада воведе нов нацрт-закон за криминализирање на клиентите. Ова само ќе им наштети на сексуалните работници. Тоа не става во опасни, несигурни ситуации и ја зголемува сиромаштијата".

„Криминализацијата на клиентите не успева и наместо тоа, дури и ја влошува ранливоста на најмаргинализираните сексуални работници, многу пати од истите власти кои треба да ги заштитат", изјави координаторката на Европската алијанса за правата на сексуалните работници (ESWA), Сабрина Санчез.

Неодамнешните политички промени во Белгија покажуваат дека е можен поинаков пристап за регулација на сексуалната работа. Кризата предизвикана од КОВИД-19 пандемијата ја откри ранливоста на сексуалните работници и предизвика извонредно покажување на масовна солидарност. Политичарите во Белгија почнаа да ги слушаат барањата на сексуалните работници и последователно во март гласаа за целосна декриминализирање на сексуалната работа.

„Горд сум што можам да кажам дека најстарата работа во светот, сега е најновата заштитена работа во Белгија", изјави Винсент Ван Квикенборн, белгискиот министер за правда. „Ние сме му благодарни на белгискиот синдикат на сексуални работници – UTSO-PI што работеше со нас. Нивните совети не доведоа до декриминализација, а не до легализација. Вториот начин на регулација на сексуалната работа е добронамерен, но создава дополнителни бариери и поставување на сексуалните работници надвор од законот. Додека пак со декриминализацијата, сексуалните работници се во рамките на законот, а експлоататорите и насилниците се надвор од законот".

Министерот за правда, г. Ван Квикенборн, дополнително истакна дека е посветен на промовирање целосна декриминализација низ целата ЕУ. „Сексуалните работници заслужуваат еднаква заштита насекаде, и ги замолувам сите европратеници овде да ја поддржат декриминализацијата на сексуалната работа".

На конференцијата, Евелин Парадајс, претседателка на ИЛГА-Европа, јавно изрази поддршка за борбата на сексуалните работници за своите права и ја најави новата Европска коалиција за права и вклучување на сексуалните работници што обединува 15 граѓански организации на европско и глобално ниво во осудувањето на државите кои решението го гледаат во криминализацијата на сексуалната работа. „Вклучувањето во дискусија за правата на сексуалните работници беше клучна лекција за нас. Бевме принудени да ја видиме динамиката на моќ што не ја препознавме целосно во општеството. Моравме позначајно, подлабоко и сериозно да се вклучиме во дискусијата околу длабоковкоренетите структурни социо-економски нееднаквости кои постојат и опстојуваат".

Европратеничката Софи Ин'т Велд, која беше домаќинка на настанот, истакна дека европските институции треба да бидат поинклузивни и да ги вклучуваат луѓето за кои се дизајнирани политиките. „Лицемерието е непријатно", изјави таа. „Треба да разговараме со сексуалните работници, а не за нив". Ин'т Велд додаде дека има сојузници низ политичките фракции во Европскиот парламент кои ги поддржуваат правата на сексуалните работници кои таа е подготвена да ги обедини.

Европскиот извештај за „проституција" кој е планиран да се објави на почетокот на следната година се очекува да поттикне закони за криминализирање на купувањето секс. Овој модел е осудуван од страна на Светската здравствена организација, Обединетите нации и Амнести интернешенел.

Штетата од овие закони ја потврдија и европратениците Моника Вана (Група на Зелени/ЕФА), Клер Дејли (ГУЕ/НГЛ) и Сајрус

Енгерер (С&Д). Дискусијата предизвика интензивен излив на емоции во Европскиот парламент, бидејќи повеќето од присутните беа сексуални работници, кои имаат директно искуство од последиците од овој модел.

За време на пандемијата со КОВИД-19, повеќето организации предводени од сексуални работници воспоставија шеми за взаемна помош за излез од кризата. Слични шеми и политики може да бидат можни во секоја земја ако организациите почнат да развиваат фондови за одговор при итни случаи за новите здравствени кризи кои ги спречуваат сексуалните работници да заработуваат. Идентификувањето, воспоставувањето и подигнувањето на свеста за овие политики се од суштинско значење за да се создаде средина во која сексуалните работници ќе можат да се заштитат себе си и другите од пренесување на вирусните болести.

## Која е намената на овој документ?

Овој документ вклучува јавни здравствени совети за сексуалните работници со различен родов идентитет да се заштитат себе си и другите од мајмунски сипаници. Наменет е за употреба од страна на сексуалните работници, организации предводени од сексуални работници, застапувачи за правата на сексуалните работници, даватели на здравствени услуги (особено оние кои обезбедуваат услуги за сексуално и репродуктивно здравје) и организации кои работат на промовирање на здравјето на сексуалните работници.

Информациите во овој документ може да се користат како основа за формални и неформални разговори помеѓу заедницата, информативни сесии за сексуалните работници, за тоа како да се заштитат себе си и другите. Информациите вклучени во документот може и треба да се приспособат на локалниот контекст и поставувањето на сексуалната работа во зависност од потребите на заедницата. ●



# Историја на активизмот на сексуалните работници во Европа и светот

Почетокот на активистичкото движење на сексуалните работници во Европа датира уште од 15-от век, кога во германската провинција Баварија, голем број сексуални работници се собрале на масовен протест пред Градското собрание барајќи ги своите права, при тоа истакнувајќи дека сексуалната работа е само работа, а не грев, како што повеќето ја сметале во тоа време.

Во далечната 1917 година, околу 200 сексуални работници марширале во Сан Франциско, протестирајќи против одлуката за затворање на борделите. Нивниот протестен марш бил наречен „Првиот женски марш“. Една од организаторите на маршот изјавила: „Скоро секоја од овие жени тука е мајка и се зависи од неа. Нема да постигнете ништо добро со тоа што не напаѓате, наместо тоа, зошто не почнете да работите на подобрување на лошите економски услови?“

Пример за меѓусебната грижа кај заедницата на сексуални работници датира уште од 19-иот век. Во Велика Британија и во Ирска, сексуалните работници се организирале во заедници и си давале меѓусебна помош, си ги делеле приходите и заедно се грижеле за своите деца. Еден новинар во тоа време забележал: „Главниот принцип на едно здраво општество е меѓусебното делење на добра ... кога во тешки времиња едно или повеќе семејства им помагаат на други. Се што заработуваат оди во една каса и од истата се обезбедуваат основните потреби за сите“.

Храброста и отпорноста на сексуалните работници игра голема улога во многубројните борби за слобода. Во 50-ите години од минатиот век, сексуалните работници биле дел од активистичкото движење познато како Мау Мау, кое довело до ослободување на Кенија од Британската колонијална влада. Во 60-ите и 70-ите години од минатиот век, сексуалните работници учествувале во бунтот кренат во неколку кафулиња во центарот на Њујорк за ослободување на ЛГБТИ заедницата во САД. Во време на брзи општествени промени,

сексуалните работници често се наоѓале во центарот на голем број протесни акции.

Во 1974 година, сексуалните работници во Етиопија пристапиле кон новоформираната Конфедерација на слободни работни синдикати и се вклучувале во низа штрајкови, кои пак придонеле за падот на Владата. Во Европа, генерално активистичките движења на сексуалните работници започнале во 1975 година, кога сексуалните работници во Франција ја окупирале црквата во Лион, во знак на протест против криминализацијата, насилството и полициската опресија.

Во текот на осумдесеттите години,  движењата за права на сексуалните работници почнале да стануваат се повеќе меѓународни. Првиот и вториот Конгрес на сексуални работници се одржал во Амстердам и во Брисел, а почнале да се појавуваат и нови групи сексуални работници во Австралија, Тајланд, Бразил, Јужна Африка и Уругвај.

Во 1997 година, околу 4000 сексуални работници влегле во историјата, на првата Национална конференција на сексуални работници во Индија, организирана од страна на Durbar Mahila Samanwaya Committee (DMSC). На наредната конференција која се одржала во 2001 година, бројот на сексуални работници се зголемил на 25000, кои биле дојдени во Калкута да си ги изнесат своите барања. Во Боливија, во 2000-та година, 35 илјади сексуални работници од сите делови на земјата учествувале во низа колективни акции против полициското насилство и затворањето на нивните работни места. „Се бориме за нашето право на работа и за опстанок на нашите семејства“, изјавила Лили Кортес, водач на Асоцијацијата на ноќните работници „Ел Алто“.

Активистичкото движењето на сексуалните работници низ историјата користело различни методи за справување со насилството, стигмата, дискриминацијата, криминализацијата, лошите работни услови и недостатокот на права. Заедничкото дејствување и организирањето протести се само дел од алатките кои сексуалните работници ги користеле во борбата за препознавање на основните човекови права. ●



Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.